## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МАШИНСКА ОБРАБОТКА И ПРОИЗВОДНИ СИСТЕМИ“ ОД Д-Р СЛАВЧО ЦВЕТКОВ И М-Р САШКО ДИМИТРОВ

Со Одлука број 2702-67/9 од 1.11. 2013 година на Наставо-научниот совет на Машинскиот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на скриптата со наслов „МАШИНСКА ОБРАБОТКА И ПРОИЗВОДНИ СИСТЕМИ“ од авторите д-р Славчо Цветков и м-р Сашко Димитров.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис за скриптата „Машинска обработка и производни системи“ е во согласност и целосно ја покрива Наставната програма по предметот Машинска обработка и производни системи на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Предметот за којшто е наменета скриптата се слуша во прв циклус студии, во трета година, петти семестар, на студиската програма Транспот, организација и логистика, со неделен фонд 1+1+1 (4 кредити). Таква или слична скрипта досега не е објавена. Ракописот овозможува запознавање на студентите со основите на Машинската обработка и производните системи.

Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа на слики, табели и фотографии, што овозможува полесно да се разбере и совлада од страна на студентите.

Текстот е напишан на формат А4 и содржи 141 страница групиран во две поглавја:

1. Обработка на металите со режење и
2. Обработка со деформација.

Во поглавјето I - Обработка на металите со режење авторите ги обработиле темите:

1. Заеднички елементи на постапките за обработка, резачки алати, топлотни појави во процесот на режење, квалитет на обработка;
2. Обработка со стружење, резачки алати, стругови;
3. Обработка со глодање, резачки алати за глодање, глодалки;
4. Пилење, резачки алати за пилење, машини за пилење;
5. Обработка со дупчење, резачки алати за дупчење, дупчалки;
6. Рендосување, резачки алати за обработка со рендосување, рендосалки;
7. Провлекување, резачки алати за провлекување, провлекувачки;
8. Брусење, резачки алати за брусење, брусилки;
9. Завршни обработки (леповање, хоновање, суперфиниш и полирање);
10. Обработни центри;
11. Уреди за стегање на обработуваното парче;
12. Стегачки помагала (конструктивни изведби на стегачки помагала за стругање, дупчење и глодање).

Во поглавјето II – Обработка со деформација, авторите ги обработиле темите:

1. Елементарни теоретски основи;
2. Технологии на обработка на лимови (обработка со сечење, просекување и пробивање, извлекување и свиткување);
3. Машини за обработка на лимови (кривајни и хидраулични преси, преси за аголно свиткување и кривајни ножици за сечење на лимови);
4. Алати за обработка на лимови;
5. Основни ковачки операции (слободно ковање и ковање во алат);
6. Машини за ковање (чекани и преси);

7. Алати за ковање;
8. Истиснување.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите од прв циклус студии, трета година на Машински факултет, студиска програма Транспорт, организација и логистика, со голем број графички прилози (слики и скици) што на студентите им овозможува стекнување со соодветни знаења од предметот Машинска обработка и производни системи.

## З А К Л У Ч О К

Имајќи го предвид изложеното, со задоволство на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му препорачуваме ракописот „Машинска обработка и производни системи“ од авторите д-р Славчо Цветков и м-р Сашко Димитров да го прифати како рецензирана скрипта по истоимениот предмет.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Вон. проф. д-р Симеон Симеонов, с.р.**
**Доц. д-р Мишко Џидров, с.р.**